Јованка КЕПЕСКА

# МАРКСОВАТА АНТИЦИПАЦИЈА НА СОВРЕМЕНИОТ РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДНИТЕ СИЛИ НА ТРУДОТ

Анализирајќи го конкретно-историскиот развој на производните сили на трудот на своето време Маркс генијално го антиципира современиот развој на производните сили. Тој во своето дело „Основи на критиката на политичката економија“ укажува на дијалектиката на надминувањето на капитализмот и тенденциите кон повисока општествено-економска формација, кон комунизам, што се јавуваат во самиот капитализам и врз основа на увидувањето во кој правец ќе се одвива развојот на производните сили.

Во почетокот е потребна експликација на некои воведни моменти околу категоријата производни сили на трудот.

Прво, треба да се има предвид дека Маркс не дал дефиниција на производните сили. Кога би се извлекувала дефиниција на производните сили, со оглед на Марксовото дело, тогаш производните сили би биле силите што го произведуваат животот а тоа би значело уште и дека под овој поим подразбирал развој на човечките предиспозиции.

Позитивистички ориентираната современа економска наука се обидела Марксовото сфаќање на производните сили да го редуцира на збир емпириски мерливи чинители со кои располага даден општествен начин на производство (капиталистички или државно-социјалистички). Денес во современиот општествен развој се потврдува дека оваа движечка сила на општествената историја опфаќа многу посложена целина на општествени состојби. Имено, стопанската и политичка практика и наука соочени со револуционерен пресврт во структурата на производните сили: навлегувањето во јадрото на таа структура на многу чинители коишто се „неекономски“ од гледна точка на капиталистичкиот начин на производство — општественото знаење и образование, општествените врски и општествените вредности и интереси на определено одлучување, автономијата и автодетерминацијата на актерите на производството, развиените

човечки потреби, масовното активирање на творечките потенцијали на производителите и сите атрибути на развиената личност како општествен поединец.

Така, се гледа дека во една динамична целина, во непрестајно меѓудејство со други димензии, пред сè, со економската структура, се поврзува збир на општествени процеси и творби на материјалното и духовно творештво, технолошкиот и културен развој, динамиката на човечките потреби и стремежи, општествените врски и социјалните движења.

Оттаму дефиницијата на производните сили како „орудија на трудот, човекот и неговите вештини“[1]) очигледно ги апсолутизира условите на елементарната индустријализација.[2])

Во „Капиталот“ Маркс навистина вели дека: „Едноставни моменти на работниот процес се целисходната дејност, но и самиот труд, неговиот предмет и неговите средства“,[3]) па навидум од тоа би можела да се изведе дефиницијата на производните сили, како движечки сили на производството, човекот и средствата на трудот.[4]) Меѓутоа, тоа би биле едноставни елементи на производните сили на работниот процес гледан „независно од секоја општествена форма“.[5])

Врз основа на целокупните Марксови искажувања за производните сили на трудот можеме да извлечеме заклучок дека акцентот на неговата анализа е на производните сили на трудот на определена епоха, а пред сè на капитализмот. Следствено на тоа производните сили на трудот во капитализмот претставуваат збир на елементи на производноста на трудот, односно на чинителите на трудот.

Кога станува збор за производството, секогаш всушност се мисли на производството на некој определен степен на општествениот развиток. Спротивно, вели тој, би морале да дојдеме до заклучок дека капиталот е општ, вечен природен однос, односно дека производните сили на капиталот се вечни и непроменливи определби. „Определувањата коишто важат за производството воопшто, мораат да се издвојат, заради единството ... да не се заборави различното“.[6])

По целосен преглед на Марксовото дело може да се заклучи дека Маркс употребува повеќе термини за производните сили на трудот, но така што им придава исто значење. Го упот-

---

1) Ј. В. Сталин, „За дијалектичкиот и историскиот материјализам“.

2) Спрема Р. Рихта и сарадници, „Цивилизација на раскршћу“, „Комунист“, Белград, 1972, 39.

3) К. Маркс, „Капитал“ I, „Култура“ (кирилица) Белград, 1947—48 г., 128.

4) Оттаму денес и политекономските дефиниции на производните сили се сведуваат на човекот со производните искуства и работните навики и орудијата за производство.

5) К. Маркс, „Капитал“ I, 128.

6) К. Маркс, „Темељи слободе“, „Напријед“, без год; 9—10.

ребувал терминот производна сила и терминот производна сила на трудот, како и термините производни сили и производни сили на трудот. Во своите рани трудови го употребувал терминот производна сила на трудот во еднина и множина за да го подвлече значењето на човечкиот труд за производната сила.[7]) Имено, трудот според Маркс е творец на употребните вредности спротивно на сфаќањето на буржоаските економисти за производната сила воопшто. Дека не им придавал различни значења на овие термини, можеме да заклучиме од прегледот на чинителите на кои им придавал значење на производни сили, па можеме да извлечеме заклучок дека со производна сила означувал еден чинител на производноста на трудот додека со производни сили означувал повеќе чинители на производноста на трудот.

Во историскиот континуитет елементите на производните сили на трудот се збогатуваат, односно постојано се менуваат. Зголемувањето на производната сила на трудот претставува „секоја промена на трудот со која се скратува работното време општествено потребно за производството на некоја стока, кога, значи, помало количество труд стекнува сила да произведува поголемо количество употребни вредности".[8])

Во своите дела Маркс зборува за капиталот како за „особена форма на развитокот на општествените производни сили".[9])

Во оваа прилика нема да зборуваме исцрпно за поодделните елементи на производните сили на трудот[10]) туку ќе укажеме на механизмот на особениот развој на производните сили на трудот во капитализмот.

Имено, познато е дека капитализмот се заснова на производство на вредности, односно на постојано зголемување на акумулацијата, заради што му е потребно постојано зголемување на вишокот на вредноста. При тоа, релативниот вишок на вредност е она што го обележува капиталот и ја чини неговата историска суштина. Токму овој вишок на вредност се создава со развитокот на производните сили односно со смалувањето на потребното работно време. Развојот на производните сили е потребен за да го зголеми размерот на вишокот на трудот во однос на потребниот труд или да се смали оној дел од потребниот труд кој бара некое количество од вишокот на трудот, па

---

7) Спореди З. Танко, „Значај појма продуктивне снаге рада", „Социологија" 3—4/1960 г.

8) К. Маркс, „Капитал" I, 263.

9) Истото, 137.

10) За тоа повеќе во книгата: Јованка Кепеска, „Современиот научно-технички развој", изд. на НИО „Студентски збор" Скопје, 1982 г.

се јавува и одвишна работна сила — пауперизам, како резултат на стариот начин на работа, односно на развојот на производните сили на трудот.

Како последица на законитоста на капиталистичкиот начин на производство, револуционирањето на производството во развиениот капитализам не зависи од работната сила, туку од средствата за труд. Тоа радикално го менува првобитниот однос на работникот спрема средствата за труд. Наместо алат над кој работникот доминира управувајќи со него, сега се јавува „одуховено чудовиште" кое ја објективизира научната мисла и сето фактичко го обединува, при што работникот егзистира како жив изолиран додаток.[11]) Маркс уште во средината на XIX век согледува дека машината има тенденција да се конституира во автоматски систем. Се разбира, тогаш далеку е производството од автоматизиран принцип. Со тоа местото на живиот труд Маркс укажува дека ќе се поместува во процесот на производството. Имено, машината како автоматски систем не посредува повеќе помеѓу трудот и предметот на трудот. Спротивно од тоа, дејноста на работникот е поставена како посредник помеѓу машината и суровината, така што тој само ја врши функцијата надзор и регулирање. Машината е таа која има „моќ и вештина".

Употребната вредност на капиталот поправо е определена со три елементи во кои се појавува пред стварниот производен процес, како количества на вредности чиј збир е тој самиот. Имено, капиталот во својот материјален состав се расчленува на три елемента: предмет на трудот, средство за труд и жив труд. Материјалната форма во која егзистираат тие различни делови не го менува „определувањето на капиталот".[12])

Меѓутоа „заемниот однос на факторите, којшто бил само квантитативен, сега се појавува како квалитативна разлика на самиот капитал и како однос кој го определува неговото вкупно движење".[13]) Капиталот се поделил на основен и обртен. Средството за труд е различно во различни фази на процесот на производството на капиталот. Средството за труд[14]) „дури е онакво какво што историски го презел капиталот, тоа во процесот на оплодувањето на капиталот трпи само формална промена со тоа што сега се појавува не само како средство на трудот, туку наедно со вкупниот процес на капиталот како определен посебен начин на неговото постоење, како капитал fixe".[15])

---

[11]) К. Маркс „Темељи слободе", 282.
[12]) Истото, 287.
[13]) Истото, 282.
[14]) Марксовиот термин е машинерија.
[15]) К. Маркс, „Темељи слободе", 285.

Инаку според Маркс како автоматски систем се сметаат средствата за труд што ги преобразил капиталот во најсовршена форма на своето производство.

Бидејќи машината не се појавува како средство за труд на еден рабоник како што беше тоа кључај со алатот, и покрај тоа што на многу пунктови трудот е свесен орган на механичкиот систем, живите работници не се точката на единството, туку тоа се јавува во машната, која спрема поединечното, безначајното дејствување на работникот се јавува како сила која господари со него. Машината е, поправо, најадекватната форма на основниот капитал, а основниот капитал е најадекватната форма на капиталот воопшто. Оплодувачката сила на одделна работна сила во однос на опредметената вредност во машината е нешто бесконечно мало.

Машината како основен капитал го губи својот непосреден облик и спрема работникот истапува како капитал. Капиталот токму и наполно се развива кога основниот капитал во процесот на производството настапува спрема трудот како машина, а „целиот процес на производството не како потчинет на непосредната умешност на работникот, туку како технолошка примена на науката. Затоа тенденцијата на капиталот е да му даде на производството научен карактер, а непосредниот труд да го снижи до едноставен момент на производството“.[16])

Основниот капитал ја зголемува вредноста на производот оспособувајќи го трудот со зголемувањето на својата производна сила да создава за пократско време поголема маса производи потребни за издржувањето на работната сила.

Според Маркс разменатана живиот труд за опредметен, како начин за поставување на општествениот труд, е последниот степен на развитокот на односите на вредноста и производството коешто почива на вредности. Претпоставката за такво производство е и останува масата на непосредното работно време, односно количеството на употребен труд, како одлучувачки фактор за производството на богатство.

Меѓутоа, со развитокот на крупната индустрија, создавањето на вистинското богатство станува зависно помалку од работното време и од количеството на применетиот труд, а повеќе од моќта на агенсите што во текот на работното време се стаат во движење и кои сами „односно чија powergull effectiveness, од своја страна, не стои во никаков однос спрема непосредното работно време што е потребно за нивното производство, туку, напротив, зависи од општата состојба на науката и на напредокот на технологијата или примената на науката во производството“.[17])

---

[16]) Истото, 291.
[17]) Истото, 292.

Во тоа преобразување, како камен темелник на производството, вели Маркс, и на богатството, на човекот му се појавува „присвојувањето на неговата сопствена општа производна сила, неговото постоење како општествен организам — развитокот на општествениот индивидум. Кражбата на туѓото работно време, врз што се заснова сегашното богатство, изгледа бедна основа спрема новоразвиената која ја создала самата крупна индустрија. Штом трудот во непосреден облик престанал да биде голем извор на богатство, работното време престанува и мора да престане да биде негова мерка, а поради тоа и разменската вредност — мерка на употребената вредност. Вишокот на трудот на масата престанал да биде услов за развитокот на општото богатство, поправо како и неработноста на малобројните за развитокот на општите моќи на човечкиот мозок. Со тоа се руши производството кое почива на разменската вредност и самиот непосреден — материјален продукт на производството добива облик што се ослободил од немаштија и спротивност. Слободниот развиток на индивидуалноста, и поради тоа редуцирањето на потребното работно време не за да се создаде вишок на труд, туку воопшто редукција на потребниот труд на општеството на минимум, на што тогаш одгавара уметничкото, научното итн. развивање на индивидуите, благодарение на за сите нив ослободеното време и создадените средства“.[18])

Капиталот е самиот противречен, бидејќи, од една страна, значи тој ги ужива сите сили на науката и природата како и „општествното групирање и општественото однесување за создавањето на богатството да го направи употребливо за тоа создавање. Од друга страна, тој сака тие така создадени огромни општествени сили да ги мери со работното време и да ги натера во границите кои се бараат за веќе создадената вредност да се одржи како вредност“.[19])

Производството на основен капитал (на што е насочен само еден дел од производството) не претставува производство заради потрошувачка или заради разменска вредност што може непосредно да се реализира. Од поттикнатата продуктивност, релативната изобилност, како и од вишокот на населението зависи дали еден сè поголем дел од времето за производство ќе се употребува за производството на средствата за производство односно за труд што не е производен непосредно.

Во капиталистичките општествени односи колку помалку основниот капитал донесува непосредни плодови, колку помалку навлегува во непосредниот процес на производството, толку е поголем вишокот на населението и вишокот на производството.

18) Истото, 293—294.

19) Истото, 294.

Затоа создавањето на големата количина на слободно време за општеството и за поединците врз основа на капиталот како и на сите поранешни степени се покажува како слободно време за некои. Капиталот, пак, со сите средства на уметноста и на науката го зголемува вишокот на работното време на масите. Така, негова тенденција е, од една страна, да создава слободно време, а од друга, да го претвора во вишок на труд. Тоа значи, во исто време дека создава претпоставки за општектвеното слободно време, работното време на целото општество да се сведе на минимум, да се ослободи време за развиток на сите.

Меѓутоа, доколку оваа тенденција се афирмира сè повеќе, дотолку сè повеќе се создава вишокот на производството и „тогаш потребниот труд се прекинува, бидејќи капиталот не може да оплоди никаков вишок на труд.[20])

Така, производните сили и производствените односи како различни страни на развитокот на општествениот индивидуум на капиталот му се само средство за да произведува од својата ограничена основа. Но тие се фактички услови и за надминување на ограничената основа на капиталот. Тоа произлегува од тоа што производните сили се орган на човечкиот мозок, создадени со човечката рака, „опредметената сила на знаењето".[21]) Развитокот на основниот капитал покажува во која мерка се наоѓа општото општествено знаење, knowledge, колку станало непосредна производна сила и во која мерка поради тоа и условите на самиот животен процес на општеството дошле под контрола на општиот труд и се преобразени во согласност со него, во која мерка се произведени општествените производни сили не само во облик на знаење туку и како непосредни органи на општествената практика на реалниот животен процес".[22])

Колку повеќе се развива таа противречност, толку повеќе се покажува дека порастот на производните сили не може повеќе да се врзе за присвојувањето на туѓиот вишок на трудот, туку дека самата работна маса мора да го присвои својот вишок на труд.

Доколку тоа таа е го направи, па со тоа слободното време ќе ја изгуби антагонистичката егзистенција, тогаш потребното работно време ќе добие своја мерка во потребите на општествениот индивидуум, развојот на општествените производни сили ќе расте толку брзо, така што, иако тогаш производството ќе биде сметано за богатство за сите, ќе расте и слободното време за сите, „бидејќи вистинското богатство е развиената про-

---

20) Истото, 297.
21) Истото, 295.
22) Истото, 295.

изводна сила на сите индивидууми. Мерката на богатството тогаш повеќе во никој случај нема да биде работното време, туку слободното време".[23])

Со развитокот на индустријата создавањето на богатството престанува да биде засновано врз присвојувањето на туѓото работно време, но и непосредниот труд престанува да биде база на производството, бидејќи, како што рековме, се менува повеќе во надзорна и регулативна дејност, а исто така, и во комбинирана општествена дејност (бидејќи производот престанува да биде производ на одделниот непосреден труд).

„. . . Во процесот на производството на големата индустрија, при што, од една страна, потчинувањето на природните сили со општествениот труд претставува претпоставка на производните сили, средствата за труд на развиениот автоматски процес, така што, од друга страна, трудот на поединецот во непосредното постоење сега е поставен како укинат поодделен труд, т.е. како општествен труд. Така отпаѓа и втората фаза на овој начин на производството",[24]) вели Маркс.

При тоа како треба да се сфати економијата на времето која всушност значи развој на производните сили?

Маркс вели: „Заштедата на работното време е еднаква со зголемувањето на слободното време, т.е. времето за полн развиток на индивидуумот, развиток кој, од својат страна, дејствува повратно на производната сила на трудот како најголема производна сила".[25])

Непосредното работно време не може да остане во апстрактна спротивност спрема слободното време. „Слободното време — коешто е незафатеност и време за повисока дејност го претворило својот сопственик природно во еден друг субјект и како друг субјект тој влегува во непосредниот процес на производството. Тој процес, во исто време е дисциплина, во однос на човекот којшто настанува и во чија глава егзистира акумулирано знаење на општеството. За двата, дотолку трудот е практична употреба на рацете и слободно движење, како во земјоделството, тоа е во исто време и телесна вежба".[26])

Оттаму системот на граѓанската економија сам доведува до самонегација „којашто е нејзин последен резултат".[27])

Маркс покажува дека капиталот непрекинато го зголемува поопштествувањето на производството. Работниците ги групира во сè поголеми претпријатија вовлекувајќи и понатаму сè

---

23) Истото, 297.
24) Истото, 298.
25) Истото, 301.
26) Истото, 301—302.
27) Истото, 302.

поголем број производители во кооперација со единствена цел — производство. На тој начин се продлабочува противречноста помеѓу проширувањето на „скалата“ на кооперирањето на луѓето и присвојувањето на природата, односно се зголемува интеграцијата и координацијата и таа сега го карактеризира целиот тек на капиталистичкото развивање на производните сили како што сè повеќе доаѓа до израз управувањето, водењето со целиот производ. Во развиениот капитализам оттаму се создаваат гигантски производни сили, но потребата на капиталот сè да претвора во вредност е премногу тесна и слаба основа за користење на огромните потенцијали кои во себе си ги носат науката и техниката. Затоа капиталистичкиот однос претставува сопирачка за развојот на производните сили. Оттаму капиталот според својата природа и самиот ограничен се стреми кон универзален развиток на производните сили и така станува претпоставка за новиот начин на производство кој не се темели врз развитокот на производните сили за некоја состојба да се репродуцира и „во најдобар случај таа да се прошири, туку во кој слободниот, непречениот, прогресивен и универзален развиток на производните сили ја сочинува претпоставката, преоѓањето преку појдовната точка. Таа тенденција — која капиталот ја има, но која во исто време му се спротивставува на него како ограничена форма на производството — го разликува капиталот од сите поранешни начини за производство и во исто време го содржи во себе си тоа дека е тој поставен како преодна точка“.[28])

Целото движење на историјата, според Маркс, е акт на раѓањето на комунизмот во емпириска смисла. Маркс го сфаќал комунизмот како позитивно укинување на приватната сопственост, како човечко самоотуѓување, комунизмот како вистинско присвојување на човечката суштина од самиот човек, што поради тоа е потполно, свесно и во рамките на целокупниот досегашен развиток настанато враќање на човекот кон себе си како општествен, т.е. очовечен човек.[29])

А за да добие трудот карактер на слободен труд потребно е: „1. да се воспостави неговиот општествен карактер, 2. да биде со научен карактер, што значи во исто време општ труд, не напор на чоовекот како на определен начин дресирана природна сила, туку човекот како субјект којшто во процесот на производството не се јавува само во природен самоникнат облик, туку како дејност која управува со сите природни сили“.[30])

Тенденциите што се јавуваат во современиот општествен развиток зборуваат за менување на начинот на производството

28) Истото, 247.

29) К. Маркс, „Економско-филозофски ракописи из 1944 године“, „Рани радови“, „Напријед“, Загреб, без. год., 275.

30) К. Маркс, „Темељи слободе”, 266.

заради развиените производни сили, во општествената дејност, како „научна дејност“, во што парадигматички е искажан развојот на производните сили.

Ваквите појави го потврдуваат Марксовото предвидување на општествениот развиток. Станува збор за тенденциите кон квалитетни промени на положбата на човекот во процесот на производството и присвојувањето на добрата како и за поопштествувањето на производството. Навистина, во капитализмот со новите производни сили и противречностите коишто ги создаваат се создава материјалната основа за нови општествени односи. Меѓутоа капитализмот не ги надминал основите противречности помеѓу поопштествените производни сили и производствените односи на приватно присвојување. Кога се анализира капитализмот не може да се запостави и една друга тенденција, а тоа е дека во светски рамки се продолжува процесот на класното раслојување и експлоатација. Класниот однос во светски рамки опфаќа и милионски маси на производители кои организираниот капитал економски, политички и технолошки ги внесле во вителот на експлоатацијата. За тоа од класната борба на работничката класа сè уште зависи дали значајните појави во капитализмот ќе се развијат во автентична еманципација на производителите и во „асоцијација на здружени производители“.

Денес во капитализмот не е надминато производството на вредности, со тоа, во крајна линија и капиталистичкиот концепт на развојот на производните сили. Бројните анализи на економскиот развој на капитализмот укажуваат дека развојот на производните сили на капитализмот уште подлежи на логиката на создавањето на профитот. Тоа се однесува и на развојот на науката која по содржината, методот и јазикот останува буржоаска а научниот труд заради хиерархизација сè уште е подреден а тоа значи неслободен труд.

Заради тоа во социјализмот е потребна нова концепција на развитокот на производните сили што ја наметнува и потребата од постојано општествено ангажирање кога се воведува туѓа технологија итн. Тоа значи дека треба да се усвојува технологијата која ја надминува капиталистичката, која појдува од човекот и неговата општествена позиција во социјализмот. Бидејќи научно-техничкиот прогрес е и ослободителен процес затоа што воедно претставува и промена на карактерот, содржината, начинот и организацијата на човечкиот труд, менување на улогата на човекот во процесот на трудот, социјалистичката општествена организација не би требало да се исцрпува само во промена на материјалните чинители туку треба да претставува промена на целокупниот начин на производство и живот на луѓето. Таквиот развој на производните сили секако ќе вроди поголема производност на трудот.

Имено, во теоријата денес сè повеќе се усвојува ставот дека развојот на производните сили не е неутрален во однос на производствените односи, односно дека производните сили и односите во производството не се „ентитети“ на даденото општество. Па со оглед на тоа, производните сили развиени во капитализмот носат белези на односите во кои се создаваат, односно ја изразуваат и ја штитат позицијата на човекот во капиталистичкото општество. Оттаму повторувањето на современиот развој на производните сили на капитализмот во социјалистичките општества би значело дека се оддалечува перспективата на преодот на социјализмот во повисока фаза, бидејќи развојот на секторите што го јакнат капиталистичкиот систем, по многу нешто би ги искривувале општествените односи во социјализмот.

Инаку денес бумот во развојот на производните сили во капитализмот, познат под името научно-техничка револуција, е прашање од необично голем теоретски интерес. Со фактот дека научно-техничката револуција е структурална промена во движењето на производните сили на капитализмот, денес, се соочува, со поголема или помала доза на согласување, сета стручна литература како на Запад, на пример, Диеболд, Винсент, Гросин, Полок, Лилие, така и во социјалистичките земји: Трапезњиков, Зворкин, Осипов и Тесман. Меѓутоа, разлики се јавуваат во сфаќањето на значењето на научно-техничката револуција. Така под тој поим некогаш се подразбираат систематизираните услови за преод од капиталистичкото општество во социјалистичко, а некогаш условите за победата на постојниот социјалистички систем. Поради тоа се настојува научно-техничката револуција да се натури како одлучувачка концепција за сфаќањето на современото општество, па со нејзина прагматичка употреба се прикриваат хетерогени процеси. Се разбира, на тој начин се потхранува и неисториската визија на сегашниот развиток на производните сили, се неутрализираат и идеализираат општествените односи, како на Исток, така и на Запад.

Самиот збор „револуција“ и Маркс често го употребувал во контекстот на анализата на производните сили но да означи пресврт, скокови во развојот на производните сили, заради што во Марксова смисла револуцијата на производните сили не може да се изедначи со политичката и со социјалната револуција.

Научно-техничката револуција е револуција на производните сили на современиот капитализам и по историската суштина и по општествените цели.

Jovanka KEPESKA

## MARX'S ANTICIPATION OF THE MODERN DEVELOPMENT OF THE FORCES OF PRODUCTION OF LABOUR

One of the merits of Marx is the anticipation of the modern development of the forces of production of labour which he set out in his analysis of the developing trends in capitalism. Marx, in his „On the Criticism of Political Economy" forsaw that the development of the forces of production in capitalism lead towards automatization, though that stage had not been reashed in the 19th century. According to Marx, if production is based on the principle of automatization, which is a logical consequence of the production of relative surplus value, it would radically change the position of man in all spheres of life, particularly in that of production.

These conclusions emerge from the analysis of the qualitative division of capital in industrial production into frozen and working capital. Frozen capital in its most distinguished form is the machine which reaches its most advanced form when form of automatization is reached. Capitalism, resulting from its in-built rules, realizes a universal development of the forces of production of labour and this reflected the advancements of scientific knowledge.

Thus, capitalism provides the conditions for the furtherance of everyone's leisure-time i.e. for the benefit of the complete development of the individual's personality which reciprocally influences the devlopment of the forces of production of labour. Therefore, capitalism based on the development of the frozen capital becomes dependent on the development of the „frozen capital which is man himself". So, when capitalism developes its form of production, at the same time, it forms extreme self-destructive forces. The development of the forces of production in capitalism indicate the beginnings of the development of a society based on new principles i.e. a new mode of production based on scientific knowledge and on a form of an association of free workers.

Such a development of the forces of production cannot furthermore be associated with the acquisition of other surplus labour, and so the proleteriate must acquire its own surplus value.

The changes in capitalism undoubtedly express the dialectics of the social changes and testify the basic historical antagonisms. Capitalism today exists on the basic antagonisms between the socialisation of the process of production, and the private acqui-

sition of production. This fact shows that capitalism did not overcome the production of values i.e. the capitalistic concept on the development of the forces of production. Consequently, it depends on the class struggle whether the significant phenomena in capitalism will develop into an authentic emancipation of the workers.

However, one has to consider the question of a new concept of the development of the forces of production, which is based on a new combination of labour in socialism, which resolves the relations between man and man, and between man and nature.